# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 15 Јули 2024 година<br>Скопје<br>Бр.9 Год. XIX |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2024 година ....................стр.2
2. Одлука за измена и дополнувањена програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за за 2024 година ....................стр.4
3. Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година ....................стр.9
4. Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година ....................стр.12
5. Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година ....................стр.15

6. Одлука за измена и дополнување на програмата за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 20224 година ......с...........тр.18
7. Одлука за измена и дополнување на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година ........................................................стр.20
8. Одлука за измена и дополнување на Програма за поддршка на економски одржлив развој на општина Ѓорче Петров за 2024 година ........................................................стр.23
9. Одлука за измена и дополнување на Програма за јавно осветлување за 2024 година ........................................................стр.26
10. Одлука за измена и дополнување на Програма за комунални дејности ........................................................стр.28
11. Одлука за измена и дополнување на Програма за урбано планирање за 2024 година ........................................................стр.31
12. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2024 година (Ребаланс трет) ........................................................стр.34

**Јули 2024 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлука за давање на согласност на Измена и дополнувањето на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2024 година

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/1**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република С. Македонија“ број 275/19 и 14/20), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 44-та седница одржана на 15.07.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на измената и дополнувањето на**
**Годишен план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на измената и дополнувањето на Годишен план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, број 01-1092/1 од 08.07.2024 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/3**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/2**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23) и Советот на Општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на 15.07.2024 година, донесе:

О Д Л У К А

**за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/23).

Во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година во делот Опис на активност /проекти после активноста Инклузија преку културата *Сите сме исти* се додаваат активностите *Летно Кино во Ѓорче Петров* и *Музички настани во Општина Ѓорче Петров,* како што следи:

| Опис на Активност /проекти | Планиран расход (да се наведе поединечно секој расход во рамки на активноста) | Износ (со вклучен ДДВ) | Период на имплементација/реализација | Поврзаност со специфична цел и стратешки приоритет на општината | Очекувани резултати и целна група на активноста/проектот | Индикатор за мерење на напредокот/успешноста (колку, до кога , за колку корисници, каков ефект ...) | Одговорни страни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Летно Кино во Ѓорче Петров** Организирање на летно кино/филмски проекции во летниот период кој е идеален за активности на отворено. Овој настан е предвидено да се одржува некогаш и два пати во месецот во периодот од јули до октомври, искористувајќи го топлото време и долгите летни вечери за да се создаде пријатна атмосфера за сите возрасти. Летното кино ќе се одржува на полјаната во населба Хром, што е идеална локација за ваков тип настани поради својата достапност и просторност | Техника и опрема (озвучување, проектор, екран, осветлување):80.000,00 денари Седење и инфраструктура (столчиња, подлоги, шатори): 75.000,00 денари Одржување на просторот и безбедност: 10.000,00 денари Други оперативни трошоци 35.000,00 денари | 200.000,00 ден. | во период од јули до септември и 6 проекции | Организирање на културно-забавни настани кои ќе придонесат за зајакнување на заедницата, забава, едукација и социјализација на граѓаните, а со тоа и и збогатување на културниот живот во општината | -Активно и масовно учество на граѓаните, младите и најмалите во културниот живот -масовна посетеност на настаните - промоција на филмска култура -ќе биде обезбедена платформа за забава, едукација и социјализација, истовремено промовирајќи го значењето на филмската уметност и културата на отворено. -Летното кино ќе обезбеди место каде што граѓаните ќе можат да се соберат, социјализираат и уживаат во филмските проекции на свеж воздух. | -број на изведени проекции<br><br>-посетеност од страна на граѓаните | Одделение за јавни дејности, Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности |
| **Музички настани во Општина Ѓорче Петров** Организирање на музички настани со локални музички групи и изведувачи, младите музичари и уметници ) | 1.Изведувачи и Уметници, техничка опрема и сценска поддршка: 250.000,00 денари Резервација и изнајмување на озвучување | 300.000,00 ден. | јули, август, септември,октомври | Збогатување на културниот живот за жителите на општина Ѓорче Петров преку редовни музички настани. -Промовирање на различни музички жанрови и уметници од | -Побогат културен живот за жителите на општината -дружење и социјализација на жителите од сите возрасти -зголемена заинтересираност за настап од страна на | -број на реализирани настани<br><br>-број на заинтересирани учесници на настаните -посетеност од страна на жителите на општината, но и граѓани од другите општини | Одделение за јавни дејности, Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Настаните ќе бидат организирани на отворен простор. | , осветлување и сцена. Технички персонал за монтажа и демонтажа на опремата. Хонорари за музичките групи и изведувачи. Патни трошоци (ако е потребно). 2.Маркетинг и Промоција: 30.000,00 денари Дизајн и печатење на постери, флаери и други промотивни материјали. Реклами на социјалните мрежи и локални медиуми. 3.Административни и Оперативни Трошоци: 20.000,00 денари Разни административни трошоци поврзани со организацијата на настаните. Осигурување и дозволи за користење на јавни простори. | | | локалната и националната сцена. -Промоција и поддршка на локални таленти -Обезбедување платформа за локални музички групи и изведувачи да ги претстават своите вештини и таленти. -Да се поттикне социјалната интеракција, да се промовираат локалните таленти и да се привлечат посетители од различни делови на општината и пошироко. -Економски развој и промоција на општината: Привлекување посетители од други делови на градот и пошироко, што може да придонесе за економскиот развој на општината. -Промоција на општина Ѓорче Петров како културен центар со разновидни настани и активности. | локални музички групи и изведувачи, младите музичари и уметници -промовирани локални музички групи и изведувачи -зголемена посетеност од страна на граѓани и од други општини -задоволни и анимирани граѓани -промовирана општина | | |

**Член 2**

Во делот Финансирање на активностите наведени во табелата во вкупниот износ бројот „2.200.000“ денари се заменува со бројот „2.700.000“ ден.

**Член 3**

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/4**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/3**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23) и советот на Општина Ѓорче Петров на 44-та седница одржана на 15.07.2024 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за измена и дополнувањена Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година , објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/22):

Во делот III. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ, Поддршка на професионални и аматерски клубови, бројот „1.000.000,00“ денари се заменува со бројот „1.050.000,00“ и во Вкупно бројот „1.000.000,00“ денари се заменува со бројот „1.050.000,00“ .

Во делот IV. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ, Поддршка и помагање на млади спортисти и лица вклучени во спортот од територијата на Општина Ѓорче Петров, бројот „500.000,00“ денари се заменува со бројот „625.000,00“ и во Вкупно бројот „500.000,00“ денари се заменува со бројот „625.000,00“ денари.

### Член 2

Финансирањето на активностите утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, кое во вкупен износ изнесува **3.475.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

За активностите од областа на спортот што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2024 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1091/5**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/4**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23) и советот на Општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на 15.07.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година**

## Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година , објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/23):

Во делот ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ:

а) Активноста Образованието на младите општината ќе го поттикнува преку Локалниот младински совет и б) Активностите од областа на формалното и неформалното образование, во смисол на дооформување на основното и средното образование преку специјализирани програми на ЦОВ и ЦСОО, како и преку стручно оспособување и преквалификување во соработка со АВРМ и со приватни претприемачи се бришат, односно се заменуваат со следните активности: а) Поддршка во организирање на детски фестивали во кои учествуваат ученици од училиштата во Ѓорче Петров.

Во делот IV. ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ, Средствата предвидени за ликовна академија остануваат исти, при што се менуваат начинот на користење на средствата.

## Член 2

Во делот ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА се предлага:

а) Активноста Образованието на младите општината ќе го поттикнува преку Локалниот младински совет, за која беа предвидени 30.000,00 денари и б) Активностите од областа на формалното и неформалното образование, во смисол на дооформување на основното и средното образование преку специјализирани програми на ЦОВ и ЦСОО, како и преку стручно оспособување и преквалификување во соработка со АВРМ и со приватни претприемачи за која беа планирани 25.000 се пренаменуваат за активноста а) Поддршка во организирање на детски фестивали во кои учествуваат ученици од училиштата во Ѓорче Петров, за која би биле потребни 55.000 денари.

Врз основа на претходно наведеното се менува Финансирањето на активностите од областа на основното образование утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, при што вкупниот износ од 3.791.000,00 не се менува.

**Член 3**

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2024 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/6**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од обласга на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од обласга на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/5**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 08/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 44-та седница одржана на 15.07.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.14/2023).

**Член 2**

Во насловот Активност/проект, колоната 1.Крводарителски акции - во делот износ (со вклучен ДДВ) бројот „40.000,00“се заменува со бројот „0,00 “

**Член 3**

Во во насловот на Активност/проект, колоната 7.Хуманитарни акции во текот на годината и по повод празникот на Општина Ѓорче Петров. - во делот износ (со вклучен ДДВ) бројот „100.000,00“се заменува со бројот „0,00 “

**Член 4**

Во Опис на Активноста, колоната **2. Времено ангажирање во градинката**, во планиран расход се додава 2 (два) дефектолози, месечен надоместок нето 30 000 ден и бруто 33. 333 ден -Планирана исплата за 5 мес. (јули ,август ,септември ,октомври и ноември).

Во делот износ со вклучен ДДВ се додава 340 000,00 ден

Во делот Вкупно по активност бројот „3.312.000,00 “ се менува и станува „3.652.000,00“.

**Член 5**

Финансиските средствата од член 2 и член 3 во вкупен износ од 140.000,00 ден, се пренасочуваат и обебедуваат финансиска поддршка на член 4 на оваа Одлука со вкупен износ од 340 000,00 ден. Останатаите 200 000,00 ден ќе се обезбедат од дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 6**

По активноста под реден број 10, се додава нова активност **11. ОКР 2024/25 Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. ОКР 2024/25 Обезбедувањe помош и поддршка при самостојно живеење | -3(три)негователи за самостојно живеење-инструменталист 2(два)негователи за палијативна нега и алцхајмер | 510.000, 00 ден | јули, август, септември, октомври, ноември, | Зајакнување на вонинстуционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги | 3(три) обучени негователи за обезбедување/надополнување на здрвствено-социјални услуги на стари лица и лица со попреченост, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1(еден)фасилилтатор-унапредувач на социјалниот дијалог Вкупно 6(шест)ангажиран и невработени лица 80% фин. со проект ОКР на UNDP – 330.000,00ден. 20% фин. од буџет општина Ѓорче Петров- 66.000,00ден. Дополнителна уплата,доддаток од општина 109 860,00 ден (3.662 ден x6 лица x5мес=109.860 ден) ВКУПНО:510 000,00 ден | | 2024 год | согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување | 2(два)асистент/подржувач за самостоен живот) 1(еден)фасилилтатор-унапредувач на социјалниот дијалог -Опслужани над 300 корисници на годишно ниво со здрвствено-социјални услуги и подржувачи за самостоен живот |

**Член 7**

Со направените измени од член 2, член 3, член 4, член 5 и член 6 и од оваа Одлука, се менува и рекапитувалот со наведените измени и дополнувања и во колона вкупно по активност бројот „8.463.800,00 ден" се менува и станува „9.173.800,00 ден."

**Член 8**

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година е составен дел од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година.

**Член 9**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1091/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 15.07.2024 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за Јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 20224 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за Јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 20224 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/6**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Р.М број 5/02), член 16 став 1, точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на програмата за јавни работи**
**на терироријата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Член 1

Во програма за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 14/23), се врши измена и дополнување во точка 5. „Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на програмата“, на начин што во ставот 1 бројот 11.000.000,00 денари на крајот од реченицата се заменува со бројот 20.000.000,00 денари.

Член 2

Одлуката за изменување и дополнување на програма за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, е составен дел прорамата.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/8**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/7**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" 5/02), на член 124 од Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров" бр.8/23, советот на општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на 15.07.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров**
**за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на програма за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година објавена во („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 14/23).

**Член 2**

Се изменува и дополнува програмата за за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година.

Во поглавје III.План за спроведување на програмата, со опис: Продлабочување, чистење и канализаирање на постоечките канали за одведување на атмосферските и подземни води на општина Ѓорче Петров/Контрола и чистење на каналите за наводнување, се врши измена на бројот 2.509.790,00МКД и истиот се заменува со бројот 5.509.790,00МКД.

Во табелата од поглавје III .План за спроведување на програмата се додава точка 2.Организирање на манифестација "Проект за интегрирано делување (земјоделие,образование, култура, екологија) за промоција и искористување на руралните потенцијали на општина Ѓорче Петров за развој на агротуризмот – поставување на прва традиционална агро-туристичка саемска манифестација: *"СТАРИ ТРАДИЦИИ ЗА НОВИ ГЕНЕРАЦИИ – Кучково 2024"* -дел субвенционирана од МЗШВ, а за чија реализација се додава износот од 432.000,00МКД со ДДВ.

Во рубриката Вкупно од табелата од Поглевје III, бројот 2.509.790,00МКД се заменува со бројот 5.594.790,00МКД

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година е составен дел на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за економски одржлив развој да изработи пречистен текст на програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/9**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за поддршка на Локален економски одржлив развој на општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за поддршка на Локален економски одржлив развој на општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/8**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров -Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на ден 15.07.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на програмата за поддршка на Локален економски одржлив развој на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на програма за поддршка на локален економски одржлив развој, објавена во („Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров број 14/23).

**Член 2**

Измената се врши :
Во точка 4.Целосна реализација на проектот "Пилот интервенции за третман на отпадни води и управување со цврст отпад во прекугранichen регион" финансиран од ЕУ и МЛС, а кофинансиран од Општина Ѓорче Петров,, цифрата3.622.145,00МКД се заменува со цифрата 3.979.586,00МКД.

Во точка 6: Целосна реализација на проектот: "Приказната продолжува за деца кои преживеале канцер-Реконтсрукција и пренамена на ОУ во с.Кучково во регионален центар за ресоцијализација на деца кои преживеале канцер", а бројот 3.150.640,00МКД се заменува со бројот 3.850.640,00МКД.

Во табелата од точка 4.План за спроведување на програмата, се додава точка 11. Изработка на физибилити студии за ЈПП, а се додава и бројот 700.000,00МКД како планиран расход за оваа активност.

Во вкупниот износ во табелата од Точка 4План за спроведување на програмата, бројот 7.772.785,00МКД се заменува со бројот 9.530.226,00МКД

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на програмата за поддршка на локален економски одржлив развој на општина Ѓорче Петров за 2024 година е составен дел на програмата за поддршка на локален економски одржлив развој на општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за економски одржлив развој да изработи пречистен текст на програмата за поддршка на локален економски одржлив развој општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 15.07.2024 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за Јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Програма за Јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/9**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12,163/13,42/14,44/15,147/15,31/16 и 64/18 и („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.302/20), член 15 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.216/21), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 44 -та седница одржана на 15.07.2024 година донесе:

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Програмата за Јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за јавно осветлување за 2024 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/23).

**Член 2**

Се изменува и дополнува Програма за јавно осветлување, Програма Ј3 Јавно осветлување

**Член 3**

Се изменува и дополнува

1. Програма Ј3 Јавно осветлување конто 424390 Одржување на други градби бројот 3.000.000,00 се заменува со бројот 7.000.000,00

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за јавно осветлување, е составен дел на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за Економски одржлив развој, да изработи пречистен текст на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 02-1091/11**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/10**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12,163/13,42/14,44/15,147/15,31/16 и 64/18 и („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.302/20), член 15 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.216/21), и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на ден 15.07.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година

### Член 1

Се врши изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2024 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/23).

### Член 2

Се изменува и дополнува Програмата за комунални дејности, Програма ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација; ЈДА Изградба и реконструкција на локални патишта и улици; ЈГА Изградба на системи за водоснабдување ; ЈИА Изградба на системи за одведување на отпадни води; Е0 Општинска администрација ; ЕА Општинска администрација (Капитални расходи); Д1 Месна Самоуправа; Н1 Основно образование; НАА Изградба и реконструкција на објекти за основно образование; ВАА Изградба и реконструкција на детски градинки; ЛО Спорт и рекреација;

### Член 3

Се изменува и дополнува

2. Програма Ј4 Јавна чистота конто 423310 Униформи, износ во денари бројот 46.000,00 се заменува со бројот 286.000,00; конто 423320 Обувки,износ во денари, бројот 58.000,00 се заменува со бројот 118.000,00
3. Програма Ј6 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај, конто 424320 Одржување на улици и патишта, износ во денари бројот 4.429.620,00 се заменува со бројот 10.929.620,00;
4. Програма Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило, конто 424430 Поправка и одржување на друга опрема износ во денари, бројот 403.980,00 се заменува со бројот 1.203.980,00
5. Програма Ј8 – Други комунални услуги, конто 421190 Други комунални такси и услуги, износ во денари, бројот 0 се заменува со 1.500.000,00
6. Програма Е0 Општинска администрација конто 424210 Одржување на згради, износ во денари бројот 2.718.900,00 се заменува со бројот 3.018.900,00; конто 426990 Други оперативни расходи, износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 130.000,00; конто 425990 Договорни услуги износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 100.000,00
7. Програма ЕА Општинска администрација (капитални расходи) конто 480110 Купување канцелариска опрема, износ во денари бројот 150.000,00 се заменува со бројот 1.150.000,00; конто 480140 Купување друга опрема, износ

во денари, бројот 500.000,00 се заменува со бројот 1.000.000,00; конто 485230 Набавка на софтвер износ во денари,бројот 0 се заменува со бројот 6.700.000,00

8. Програма НА Основно образование (капитални расходи) конто 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти, износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 4.000.000,00 ; конто 482930 Реконструкција на други објекти , бројот 0 се заменува со бројот 2.000.000,00
9. Програма ВА Детски градинки (капитални расходи) конто 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти, износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 1.000.000,00 ;
10. Програма ЛА0 Спорт и рекреација (капитални расходи) конто 482920 Изградба на спортски и детски игралишта, износ во денари, бројот 3.000.000,00 се заменува со бројот 7.000.000,00; конто 482930 Реконструкција на спортски и детски игралишта износ во денари, бројот 6.000.000,00 се заменува со бројот 12.000.000,00; конто 482940 Надзор над изградба, износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 155.000,00/

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности, е составен дел на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални дејности и инвестиции, да изработи пречистен текст на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/12**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за за измена и дополнување на програмата за урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Програма за урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/11**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Ммакедонија" бр. 32/20), член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и член 16 став 1, точка 15 и 17 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 8/23 ), советот на општина Ѓорче Петров на 44-тата седница одржана на 15.07.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање**
**на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање за 2024 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 14/23).

**Член 2**

Измените и дополнувањата се вршат во:

11. Програма Ф1 Урбанистичко планирање конто 425640 Изработка на просторни и урбанистички планови бројот 3.400.000,00 се заменува со бројот 4.900.000,00
12. Програма Ф2 Уредување на градежно земјиште конто 426990 Други оперативни расходи , износ во денари, бројот 300.000,00 се заменува со бројот 1.300.000,00
13. Програма ФА Уредување на градежно земјиште капитални расходи, конто 482110 Подготвување проекти за изградба на комунална инфраструктура , износ во денари, бројот 100.000,00 се заменува со
бројот 3.100.000,00; конто 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори, износ во денари, бројот 6.000.000,00 се заменува со бројот 4.900.000,00; конто 485420 Надомест за одземен имот износ во денари, бројот 150.000,00 се заменува со бројот 1.650.000,00
14. Програма ФД Уредување на простор во рурални подрачја ( капитални расходи ), конто 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори, износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 1.100.000,00

конто 482930 Реконструкција на други градби , износ во денари, бројот 0 се заменува со бројот 600.000,00

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за Урбано планирање, е составен дел на Програмата за Урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за Урбанизам, инвестиции и комунални дејности, да изработи пречистен текст на Програмата за Урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1091/13**
**Од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2024 година (Трет ребаланс)**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2024 година (Трет ребаланс), што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 15.07.2024 година.

**Број 02-1152/12**
**од 15.07.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 16 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на -та седница одржана на 15.07.2024 година, донесе:

## Измена и дополна на буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2024 година се состои од:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи** | **742.381.398** | **811.275.718** |
| | Даночни приходи | 318.503.491 | 371.660.554 |
| | Неданочни приходи | 49.302.395 | 49.606.395 |
| | Капитални приходи | 16.612.000 | 16.612.000 |
| | Приходи од дотации | 313.276.000 | 313.276.000 |
| | Приходи од трансфери | 33.099.125 | 47.415.382 |
| | Приходи од донации | 11.588.387 | 12.705.387 |
| **II.** | **Вкупни расходи** | **799.512.239** | **868.406.559** |
| | Од утврдени намени | 797.912.239 | 866.806.559 |
| | Расходи од резерви | 1.600.000 | 1.600.000 |
| **III.** | **Дефицит** | -57.130.841 | -57.130.841 |
| **IV.** | **Финансирање** | **57.130.841** | **57.130.841** |
| | **Прилив** | **69.130.841** | **69.130.841** |
| | Прилив од домашно задолжување | 0 | 0 |
| | Прилив од странски заеми | 0 | 0 |
| | Депозити | 69.130.841 | 69.130.841 |
| | **Одлив** | **12.000.000** | **12.000.000** |
| | Отплата на главница | 12.000.000 | 12.000.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следи:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски приходи | | Приходи од самофинансирачки активности | | Приходи од дотации | | Приходи од донации | | Приходи од кредити | | **Вкупни приходи** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **439.113.165** | **506.710.485** | **35.551.000** | **35.551.000** | **319.145.000** | **319.145.000** | **17.703.074** | **19.000.074** | **0** | **0** | **811.512.239** | **880.406.559** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **318.503.491** | **371.660.554** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **318.503.491** | **371.660.554** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 22.320.000 | 22.320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.320.000 | 22.320.000 |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и еди | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва | 16.000.000 | 16.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.000.000 | 16.000.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 250.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 250.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со з | 650.000 | 650.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 650.000 |
